**Верица Ковачевска**
**Две ипол соби**




**Verica Kovacevska**
**Two and a Half Rooms**

НУ НАЦИОНАЛНА ГАЛЕРИЈА НА МАКЕДОНИЈА
NI NATIONAL GALLERY OF MACEDONIA

МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
MINISTRY OF CULTURE OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

**Верица Ковачевска**
**Verica Kovacevska**

# ДВЕ ИПОЛ СОБИ
# TWO AND A HALF ROOMS



Мала станица, Скопје, декември 2011 - јануари 2012
Mala Stanica, Skopje, December 2011 - January 2012

## „Две ипол соби“ како сублимат на просторноста

Како што е сугерирано во самиот наслов, изложбата „Две ипол соби“ на младата уметничка Верица Ковачевска се состои од „два ипол“ сегменти како сублимат на карактеристичните моменти на нејзината уметничка активност. Согласно нејзините досегашни интереси, и во ова повеќесегментно и повеќеслојно претставување се присутни двојностите и поврзувањата на приватно/јавно, уметност/технологија, автор/публика, виртуелен/реален простор, минато/сегашност, работа/живот... изразени преку користење на елементите на перформанс и документација на проекти во кои често пати е потенциран социјалниот контекст.

Во случајов, уште на почеток и без двоумење, може да се навратиме на заклучоците дека Верица Ковачевска и понатаму ја развива својата уметничка практика врз инсистирањето на три компоненти: „*употреба на просторот* (јавен, приватен, галериски)*; интеракција со публиката/улогата на публиката во креирањето на уметничкото дело* (публиката свесно или несвесно учествува во создавањето на делото) *и автобиографија*“. (Големото стакло, бр. 23/24, 2008/2009)

Освен овие неколку елементи врз кој се базира основниот фокусот на интерес на Верица Ковачевска, секако е константна и станува се поприсутна употребата на *различен вид на најсовремена технологија во уметноста*, било да е само како статична видео камера која ја следи акцијата, поточно е во служба на документација и презентација на акцијата како уметничко дело со ограничено времетраење (различни видеа од Соба бр. 3); активен инструмент во рацете на публиката за наведување/креирање/контрола на акцијата на авторката (Соба бр. 2), или пак (повторно) интерактивно средство за истражување на виртуелната поставка на нејзината изложба (Соба бр. 1).

Навраќајќи се на насловот на изложбата, неизбежно е чувството дека неговото значење е повеќе од очигледно. Слободната и „скратена“ дефиниција за соба (англиски: room) означува синоним за простор, место оградено со прегради/ѕидови или одреден вид на граници, односно место во кое се одвиваат случувањата. Во изложбата „Две ипол соби“, различните соби нудат различни претставувања и доживувања на различни простори во кој се реализира случувањето.

Соба бр. 1 нуди доживување на одреден галериски простор и неговата „поставка“ (интерактивна виртуелна тура од изложбата *Студио бр.4*); Соба бр. 2 е документација на акција изведена во повеќе различни градови/ јавни простори (проект „Прошетки“); додека, пак, Соба бр. 3 презентира реконструкција на собата на авторката, нејзиниот приватен простор означен преку конкретно присуство на лични предмети и архива на видео материјал.

Како можеби најпрецизен заеднички именител на сите досегашни дела на Верица Ковачевска можеме да се навратиме и да го потенцираме истражувањето на поимот кој секако неизбежно се надоврзува со погоре споменатиот поим соба, а тоа е поимот *простор и границите на просторноста*. Преку активното истражување на различните концепти на просторноста, било да е конкретна или виртуелна, анализирањето на апсурдните границите на просторноста и постоењето на нејзините маргини, Ковачевска укажува на нужно потребните редефинирања на личните, уметничките, но и општествените граници.

*Маја Чанкуловска-Михајловска*

## “Two and a Half Rooms” as a sublimate of space

As the title suggests, the exhibition *Two and a Half Rooms* by the young artist Verica Kovacevska consists of “two and a half” segments as a sublimate of the characteristic moments of her art practice. In keeping with her current interests, this multi-segmented and multilayered show exposes dualities and connections such as private/public, art/technology, artist/audience, past/present, virtual space/physical space, work/life… They are expressed through performance elements and documentations of projects that often highlight the social context.

With regard to this exhibition, we can come back to an earlier conclusion without hesitation: Verica Kovacevska continues to develop her practice by insisting on three components: “*use of space* (public, private, gallery); *interaction with the audience/the role of audience in the creation of the artwork* (the audience consciously or unconsciously participates in creating the work); and *autobiography*.” (The Large Glass, no. 23/24, 2008/2009).

Apart from these elements, which are the main focus of her interest, a more constant and present element has certainly become *the use of different kinds of modern technology*. Whether this is just as a static video camera monitoring the action, or more specifically, documenting and presenting the action as an artwork with a limited duration (such as the different videos from Room no. 3); an active instrument in the hands of the audience to navigate/create/control the actions of the artist (as in Room no. 2), or (again) an interactive tool for exploring the virtual space of her exhibition (in Room no. 1).

Looking back at the title of the exhibition, it is inevitable to feel that its significance goes beyond its literal meaning. The free and “shortened” definition of a room is a synonym for space, a place enclosed by partitions/walls or some kind of boundaries, i.e. a place in which events occur. In the exhibition *Two and a Half Rooms*, the different rooms offer various presentations and experiences of different spaces in which the event takes place.

Room no. 1 offers the experience of a gallery space and its “exhibition” (an interactive virtual tour of the artist`s exhibition *Studio no.4*). Room no. 2 is a documentation of an action performed in various cities/public spaces. Room no. 3 displays a reconstruction of the artist’s living room, her private space marked by the presence of personal items and a video archive.

In order to locate the most precise common denominator of all previous works of Verica Kovacevska we can go back and re-emphasise the research of the term most inevitably linked to the aforementioned notion of a room: *Space and the boundaries of space*. By actively exploring the different concepts of space, whether physical or virtual, analysing the absurd limits of space and the existence of its margins, Kovacevska suggests the necessity of redefining personal, artistic and social boundaries.

*Maja Cankulovska-Mihajlovska*


PALE
PAINFUL
PAINTING
PARTICULAR
PAKT
PERO
PAIN
PACKING
PADDING
PARTS
PAWN
PANCREAS
PERMANENT
PEST
PAPERWORK
PENIS
PITY
PETITE
POLUDUVA
PARCEL
PLACE
PLASTIC
PLEASANT
PLEASING
PROLONGATION
ABUSED
ABANDONED
ADDICTED
ATTACHED
ATTRACTED
AFFECTED
ARMED
ABOLISHED
ASHAMED
AGGRESSIVE
AGITATED
SPEAK

1




**Верица Ковачевска** е родена во 1982 година во Скопје. Во 2004 година дипломирала на универзитетот „Плимут“, Велика Британија, отсек Визуелни уметности со театар и перформанс. Магистрирала во 2007 година на универзитетот „Кембриџ“, Велика Британија, отсек Уметност и образование. Од 2009 година живее во Цирих.

Досега има учествувано на голем број меѓународни изложби и фестивали меѓу кои *Ре.акт.феминизам* (Берлин, Љубљана, Ерфурт); *Белград: Неместа*, Музеј на современата уметност (Белград); *Ова не е портал фестивал* (Лондон); *255 804 км²*, Брот Кунстхале (Виена); *Други можни светови*, Касино Луксембург (Луксембург); и *Биенале на современи уметности* (Москва).

Во нејзините самостојни изложби се вбројува *Секојдневна уметност, Уметноста на секојдневието* во Музејот на современата уметност (Скопје) во 2006 година.

**Verica Kovacevska** was born in 1982 in Skopje. She graduated in 2004 from the University of Plymouth, Great Britain, in BA Visual Arts with Theatre and Performance. In 2007 she obtained her MPhil in Arts, Culture and Education from the University of Cambridge, Great Britain. Since 2009 she is based in Zurich.

She has taken part in many international exhibitions and festivals, such as *Re.act.feminism* (Berlin, Ljubljana, Erfurt); *Belgrade: Nonplaces*, Museum of Contemporary Art (Belgrade); *This is Not a Gateway Festival* (London); *255 804 km²*, Brot Kunsthalle (Vienna); *Other Possible Worlds*, Casino Luxembourg (Luxembourg); and *Moscow Biennale of Contemporary Art* (Moscow).

Among her solo exhibitions was *Everyday Art, the Art of the Everyday* at the Museum of Contemporary Art (Skopje) in 2006.

1 *Studio no. 4*, 2008/2011
Инсталација, интерактивна виртуелна тура
Installation, interactive virtual reality tour
(Соба бр. 1 / Room no. 1)


The Walking Project
The Walking Project is a series of performances that take place in various cities, in which a remote audience navigates and tracks the artist in a certain city area via telecommunications technology.
Prior to the performance, the artist designs rules that determine the starting point, artist/audience role, and tracking method of the walk. Hence, the question – who controls whom? – remains open.
In its core, The Walking Project explores on the one hand the aspect of human human and human-technology interdependence and on the other hand the tension between our desire and fear of both freedom (choice) and control (boundaries).
In each performance, a certain topic about the city is also explored. For instance communication in Tirana, immigration in Bari, de-industrialisation in Bradford, urban development in Belgrade, and surveillance in Zagreb.
These topics are not only relevant to the chosen city, but can also be found in many other cities today.
The Walking Project was initiated here in Mala Stanica in 2006, during the Constructor Festival.
Проект Прошетки

1



2

4





3



1-3 *The Walking Project,* 2006-2010
Инсталација, пет перформанси документирани со видео
Installation, five video documented performances
(Соба бр. 2 / Room no. 2)

4 *Forced Actions*, 2003-2004 / 2010-2011
Инсталација, седум видео перформанси
Installation, seven video performances
(Соба бр. 3 / Room no. 3)

НУ Национална Галерија на Македонија
Железничка 18, 1000 Скопје, Република Македонија
Тел.: + 389 (0)2 31 26 856
Факс: + 389 (0)2 31 09 566
www.nationalgallery.mk; contact@nationalgallery.mk

Верица Ковачевска
„Две ипол соби" / декември 2011 - јануари 2012

Издавач: НУ Национална галерија на Македонија
За издавачот: Халиде Палоши, директор
Кустос: Маја Чанкуловска-Михајловска
Текст: Маја Чанкуловска-Михајловска
Превод на англиски: Верица Ковачевска
Дизајн: Верица Ковачевска
Фотографии: Роман Рихерс, Игор Василев
Лектура: Кирил Ангелов
Лектура на англиски: Марија Стојановска Рупчиќ
Печат: Скенпоинт, Скопје
Тираж: 500

Поддржано од Министерството за култура на Република Македонија

Поддржувачи:

Благодарност:
Натка Ќосева, Роман Рихерс,
и вработените во Мала Станица

NI National Gallery of Macedonia
Zeleznicka 18, 1000 Skopje, Republic of Macedonia
Tel.: + 389 (0)2 31 26 856
Fax: + 389 (0)2 31 09 566
www.nationalgallery.mk; contact@nationalgallery.mk

Verica Kovacevska
"Two and a Half Rooms" / December 2011 - January 2012

Publisher: NI National Gallery of Macedonia
For the publisher: Halide Palloshi, director
Curator: Maja Cankulovska-Mihajlovska
Text: Maja Cankulovska-Mihajlovska
English translation: Verica Kovacevska
Design: Verica Kovacevska
Photography: Roman Richers, Igor Vasilev
Edited by: Kiril Angelov
English proof reading: Marija Stojanovska Rupcic
Printed by: Skenpoint, Skopje
Copies: 500

Supported by the Ministry of Culture of the Republic of Macedonia

Supporters:

Acknowledgement:
Natka Koseva, Roman Richers,
and the staff of Mala Stanica

www.kovacevska.net

**CIP - Каталогизација во публикација**
**Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје**

7.038.53/.55(497.7)(06.064)Ковачевска, В.

**КОВАЧЕВСКА, Верица**
Две ипол соби : Мала станица, Скопје, декември 2011-јануари 2012 / Верица Ковачевска ; [кустос Маја Чанкуловска-Михајловска ; текст Маја Чанкуловска-Михајловска ; превод на англиски Верица Ковачевска ; дизајн Верица Ковачевска ; фотографии Роман Рихерс, Игор Василев ; лектура Кирил Ангелов] = Two and a half rooms : Mala Stanica, Skopje, December 2011-January 2012 / Verica Kovacevska ; [curator Maja Cankulovska-Mihajlovska ; text Maja Cankulovska-Mihajlovska ; English translation Verica Kovacevska ; design Verica Kovacevska ; photography Roman Richers, Igor Vasilev ; edited by Kiril Angelov]. - Скопје : НУ Национална галерија на Македонија ;  = Skopje : NI National Gallery of Macedonia, 2012. - 12 стр. : илустр. ; 21x21 см

Текст на мак. и англ. јазик. - „Две ипол соби“ како сублимат на просторноста / Маја Чанкуловска-Михајловска ; „Two and a half rooms“ as a sublimate of space / Maja Cankulovska-Mihajlovska: стр. 4-5

**ISBN 978-9989-196-94-2**

1. Насп. ств. насл. -  I. Kovacevska, Verica види Ковачевска, Верица
а) Инсталации - Перформанс - Видео инсталации - Македонија - Изложби
COBISS.MK-ID 91337994